ОПШТИНА БУТЕЛ
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1777/2 од 16.08.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 21 од Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016 и 64/2018), Градоначалникот на Општина Бутел распишува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови

Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016 и 64/2018), во третиот квартал од 2018 година.

- Јавниот повик ќе трае од 20.08.2018 до 21.09.2018 година.
- Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на Општина Бутел www.opstinabutel.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам, во службено гласило на општина Бутел, во дневниот весник "Нова Македонија" и дневниот весник "Коха".
- Секое заинтересирано правно и физичко лице во текот на јавниот повик може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистичките планови од членот 7 став (1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.
- Заинтересираните правни и физички лица иницијативите можат да ги достават во писмена форма преку архивата на општина Бутел или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во горенаведениот рок.
- Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план.
- За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма, во рок од 15 работни дена од истекот на рокот за доставување на иницијативи.
- Прифатените иницијативи се предвидуваат во годишната Програма за изработка на Урбанистички планови на општина Бутел.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА БУТЕЛ
**Велимир Смилевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА БУТЕЛ
СКОПЈЕ